# Република Северна Македонија
# Претседател

Скопје, 17 февруари 2025 година

Ваша Екселенцијо,

Дозволете ми, во мое лично име и во името на граѓаните на мојата земја, да Ви го честитам Денот на независноста на Република Косово со искрени желби за среќа и за просперитет на Вашата држава и благосостојба на граѓаните.

Во оваа прилика би сакала да изразам задоволство од динамиката и од позитивниот развоен тренд на односите меѓу нашите две држави, како и од конструктивната соработка во бројни области од заемен интерес на билатерален, регионален и мултилатерален план.

Уверена сум дека со несмалено темпо ќе продолжиме во реализацијата на стратешките цели за целосна интеграција на нашите држави во европското семејство.

Честитајќи Ви го уште еднаш Денот на независноста, Ви ги упатувам, Ваша Екселенцијо, изразите на моето највисоко почитување.

Гордана Сиљановска-Давкова

Нејзината Екселенција
г-а Вјоса Османи-Садриу
Претседател на Република Косово

ПРИШТИНА